| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Домашни животни |
| **Содржина на денот** | Каде живеат домашните животни |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Весна Спасова |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема-зошто и како треба да ги миеме рацете кога ќе галиме животни. |
| **Активности** | За денешна активност заедно со Вашите деца може да организирате зедничка посета на Зоолошката градина во нашиот град Скопје. За оваа посета одберете да ги разгледувате и пронајдете домашните животни. Направете подготовки од дома,понесете слики со домашни животни и договорете се кое од животните најпрво ќе го барате. Кога ќе го пронајдете животното набљудувајте го, погодете го неговото име, споредете го со животното од Вашата слика, опишувајте го-какво е по боја, големина, со што е покриено неговото тело, зошто луѓето го одгледуваат на фарми и каква полза имаат тие од неговото одгледување, со каква храна се хранат. По завршувањето на посетата може во Вашиот дом на детето да му понудите пластелин и да обликувате домашни животни.<br>Ако сте во можност оваа посета може да ја организирате на некоја блиска фарма во некое село каде децата ќе можат непосредно да се запознаат со домашните животни. |